Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-389/6
17. 12. 2024 год.
Тетово

Врз основа на член 101 став 4 точка 17 а во врска со член 119 и 121 од Статутот на "Жито Полог" АД – Тетово, Пречистен текст, и член 457 и 460 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден 17.12.2024 година со вкупно 28726 гласови „ЗА„ што претставува 100% гласови на сите акционери кои се присатни на собранието а немаат интерес од зделката , без 13990 гласови кои произлегуваат од обичните акции кои ги поседува акционерот ДЕЛТА МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7315651 кој има својство на заинтересирана страна, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## За одобрување на зделка со заинтересирана страна

**Член 1**

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (купување, продавање, користење на услуги, аванси, кредити, гаранции, земање и давање на краткорочни парични позајмици итн ) СЕ ОДОБРУВА Жито Полог АД – Тетово со ЕМБС 4037634 да склучува зделки со заинтересирани страни по тековни пазарни услови за слични видови на трансакции со Друштво за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7024460.

Вредноста на секоја од погоренаведените зделки поединечно или кумулативно за период од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука до денот на одржување на следното собрание нема да надминува 53.832.043 денари која вредност изнесува 9,98 % од сметководствената вредност на имотот на Жито ПологАД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2023 година.

**Член 2**

**ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА во зделките** од член 1 од оваа одлука е:

- **Друштво за трговија и услуги ДЕЛТА МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје** со ЕМБС 7315651 и ЕДБМК 4057018543008, ул. Гане Тодоровски бр. 34/3 лок 3 Скопје-Центар , од причина што единствен содружник на Делта Медикал ДООЕЛ Скопје е **Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7024460** кое друштво е страна во зделките- предмет на одобрување . **Друштвото за трговија и услуги ДЕЛТА МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје** е акционер во Жито Полог АД Тетово и поседува во сопственост 13990 обични акции што претставува 24,98% од акциите на друштвото.

**Член 3**

Зделките со заинтересирана страна од член 1 од оваа одлука Собранието на акционери на Жито Полог АД – Тетово ја одобри согласно член 460 став 3 од Законот за трговски друштва со вкупно 28726 гласови „ЗА„ што претставува 100% гласови на сите акционери кои се присатни на собранието а немаат интерес од зделките, без 13990 гласови кои произлегуваат од обичните акции кои ги поседува акционерот Друштво за трговија и услуги ДЕЛТА МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје кое има својство на заинтересирана страна.

**Член 4**

**СЕ ОВЛАСТУВА** Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово, согласно Статутот на Жито Полог АД Тетово , а врз основа на оваа одлука да донесуваа соодветни одлуки за спроведување и реализација на оваа одлука, а Генералниот Извршен директор во име на Друштвото да ги склучи и потпише потребните договорите и целокупната друга потребна документација за реализација на оваа одлука.

**Член 5**

Со донесување на оваа одлука Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Друштвото.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

По еден примерок од Одлуката да се достави до: правен сектор,сектор за финансии,архива.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Славица Мишеска Стојановска**

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО